■ **НАЈКУЛ ПРОФЕСОР**

Екипата на „Медиум“ засилена со уште други 30 ученици ја изненади Ана Вељаноска, професорката што предава физика во прилепската гимназија „Мирче Ацев“, поради една несекојдневна причина: да ѝ ја врачи наградата што не се добива секој ден – НАЈКУЛ ПРОФЕСОР.



**КАДЕ ЗА 100 ЕВРА** НОВА ГОДИНА ВО БУГАРИЈА, СРБИЈА И ВО МАКЕДОНИЈА

■ До Нова година останува еден месец, па зошто уште сега да не се почне со планирање, се разбира доколку веќе немате план каде би ја прославиле најлудата ноќ што ќе не раздели од 2011-та. Еве неколку предлози, кои добро би дошле за скромниот тинејџерски џепарлак


ВЕСНИК ЗА СИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ ◆ www.medium.edu.mk

# Медиум

30.11.2011 ◆ Година I, Бр. 8


ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

**ВИКТОР ПЕТРОВ-ВИКСА**

РАДИОВОДИТЕЛ



## ИЗБЕГАВ СОСЕ КЛУПА ОД ЧАС

Човекот што дваесет години е препознатлив глас во радиоетерот, Виктор Петров-Викса се радува што е фаца на месецот во „Медиум“, а уште повеќе што на аудицијата „Слушај радио“, која ја прават радијата Клуб ФМ и Сити радио, заедно со Високата школа за новинарство и за односи со јавноста се пријавија завиден број средношколци што покажаа афинитет да станат радиоводители. Аудицијата е во потрага по новите таленти во етерот што знаат да размислуваат преку звуци и правилно да се однесуваат пред микрофонот. Затоа Високата школа им нуди шанса на средношколците што имаат талент и желба за радио да посетуваат работилници и да соработуваат со радијата. Љубезниот домаќин со само нему својствен шарм изјави дека никогаш не му се случило да дава интервју пред повеќе од петнаесет луѓе



КРУШЕВЧАНИ ПОБЕДИЈА НА НАТПРЕВАР ЗА „ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ“ ВО ХОЛАНДИЈА

■ Средношколците од крушевската гимназија „Наум Наумовски Борче“ го освоија првото место во дисциплината „туристичка дестинација“ на овогодинешниот натпревар на Европската асоцијација на хотелско-туристичките училишта (AEHT) што се одржа овој месец во Хаг, Холандија

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА **МЛАДИТЕ И ИСХРАНАТА**



# КАЖЕТЕ Ѝ НЕ НА БРЗАТА ХРАНА

*Дебелината е болест и ја демне младината. Не само кај нас туку и во светот. Најголем проблем се навиките што средношколците ги имаат стекнато од родителите, од соучениците и од околината и, иако знаат што е здрава храна, претпочитаат брза и нездрава*

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО ЖИВКО ЈАНЕВ

## ВОЗИ ЛОКОМОТИВА, СОНУВА ТЕАТАРСКА СЦЕНА

**Ги чувам билетите од сите претстави што сум ги гледал досега, за кои сум вложил 23.000 денари, вели 16-годишниот Живко Јанев, кој успешно се снаоѓа и како машиновозач и како актер на театарската сцена**





■ **НАЈДОБАР МЛАД НОВИНАР**

**АНГЕЛ ДИМИТРИЕВСКИ**

III година, Средно медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје

## МОЈОТ ЧАК НОРИС

Овој месец за новинар имаме медицинар. Ангел Димитровски од средното медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов“ од Скопје е добитник на наградата „Најдобар млад новинар“ за месец ноември. Тој се одзва на конкурсот на “Медиум“ со темата „Што ќе направам ако сум Чак Норис?“


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

НОВА МАКЕДОНИЈА ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“



**Тамара ЌУПЕВА**
професорка по мајчин јазик во скопската гимназија „Орце Николов“

### ОТВОРЕНО УЧИЛИШТЕ ЗА СЕКОЈ ОД НАС

Ги пишувам овие редови во деновите кога е најтешко да се биде ученик. Период на тестови, „наставни ливчиња“, проверки на наученото. Период на успех и на разочарување. Растргнати меѓу она што сте го пропуштиле и бројот на страниците што чекаат на вас – станувате свесни дека можело да биде подобро. Тримесечјето е на прагот. Родителските средби, исто така.

И покрај признанието, понекогаш и вие имате свои оправдувања. Своја вистина, свои аргументи. И нас, професорите, не има од секаков тип – позитивни, строги, чесни, (не)трпеливи, (не)чувствителни, сочувствителни. Некој бара премногу, некој премалку, некој онолку колку што треба.

Можеме ли заедно да го најдеме заедничкиот код? Како НИЕ и ВИЕ да направиме училиште „по мера“ на сите нас?

Вашето незадоволство понекогаш ги крие клучните недостатоци на системот. Отвора прашања, бара решенија.

Разбудете го вашиот критички ум, бидете креативни во начинот на кој ќе докажете дека навистина сакате да ги промените состојбите. Со искрени намери, со добра мисла.

Класните заедници, вашите претседатели, не смеат да бидат формални претставници на вашата генерација. Поттикнувајте отворени дискусии, јавни дебати, размена на потреби и искуства, на предлози и идеи. Не дозволувајте нашите пропусти да се пробелкуваат низ годините и генерациите што ќе дојдат по вас.

Иднината навистина ја создавате ВИЕ. Колку повеќе ќе и дозволите да биде поразлична од сегашноста, толку посигурно ќе обликувате училиштен систем во кој ќе се вреднува само најдоброто. И во однос на учениците и во однос на наставниците.

Бидете дел од образованието со сопствените заложби и аргументи. Дајте го својот прилог за едно ново училиште и за вистинскиот лик на професор од кого навистина ќе (на) учите. Само така од себе ќе направите подобри ученици.

Заедно можеме да направиме активни промени во нашите училишта. Тие не засегаат сите - за да не правиме големи грешки и за да создаваме генерации што ќе бидат навистина горди на НАС!

Медиум
ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТ НА НА ВИСОКАТА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

**Уредник на „Медиум“:**
Александра Темменугова, тел. 02/ 30 90 004
**Фотографија:**
Игор Бансколиев
**Технички уредник:**
Љубен Димановски
**Веб:**
Александар Делчевски
**Лектори:**
Сузана Митревска, Кристина Јовановска
**Маркетинг:**
Марија Георгиевска, тел. 02/ 5511723
www.medium.edu.mk
E-mail: medium@medium.edu.mk

НИЗ ХОДНИЦИТЕ

## КРУШЕВЧАНИ ПОБЕДИЈА НА НАТПРЕВАР ЗА „ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ“ ВО ХОЛАНДИЈА

**ДЕАНА РИСТЕСКА**
Матурантка во “Наум Наумовски Борче” Крушево

Средношколците од крушевската гимназија „Наум Наумовски Борче“ го освоија првото место во дисциплината „туристичка дестинација“ на овогодинешниот натпревар на Европската асоцијација на хотелско-туристичките училишта (АЕХТ) што се одржа овој месец во Хаг, Холандија. Победата ја донесе Маја Дунимаглоска, матурантката на смерот хотелско-туристички техничар е македонскиот претставник во оваа категорија.

На натпреварот учествуваа 130 училишта од сите европски земји Следната година Македонија ќе биде домаќин на конференцијата и натпреварите на АЕХТ, која ќе се одржи во Охрид и Скопје.







**САНДРА СТАМЕНКОВА И БРИГИТА ШАКИР**
СУГС „Арсени Јовков“ Скопје

## „МОДЕРНИТЕ ДЕВОЈКИ“ НАГРАДЕНИ ВО БУГАРИЈА

Кратката пиеса „Модерни девојки“, во изведба на ученичките Сандра Стаменова и Бригита Шакир од СУГС „Арсени Јовков“, ја освои наградата за сценски настап на ноемврискиот меѓународен фестивал „Утринска звезда“ што се одржа во Банско, Бугарија. Со награда се вратија и музичките таленти од ГУЦ „Здравко Цветковски“, кои во категоријата рок-бендови го освоија второто место.

Организатори на настанот се уметничката академија „Деница“, администрацијата на заедницата на Банско и Министерството за култура на Р. Бугарија. На фестивалот, кој се одржува петта година, учествуваа деца од Украина, Казахстан, Романија, Бугарија и од Македонија. Негова цел е да се обезбеди можност талентираните деца да ги истакнат своите капацитети и искуства, а истовремено да се создадат услови за развој и за промоција на креативните информации и семинари за размена на искуства.

## АТЛЕТСКА ПАТЕКА ЗА ПАТРОНАТОТ НА „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“

**СТЕВО ПАВЛОВСКИ**
СГГУ „Здравко Цветковски“ Скопје

Со спортски натпревари, квиз на знаење, литературно читање, музички настапи на училишниот хор и бенд под мотото „Спортуваме, пееме, знаеме и умееме“, СГГУ „*Здравко Цветковски*“ го одбележа патрониот празник.

На 66-годишнината од своето постоење, училиштето свечено го отвори и мини-атлетскиот терен. Наставните спортски содржини на учениците од ова училиште се збогатени со атлетска патека за спринтерско трчање на 100 метри, патека за скок во далечина и терен за фрлање ѓуле. Паралелно со патеката за атлетика е изградена и пешачка патека. На свеченото отворање присуствуваа Коце Трајановски, градоначалник на Скопје, претставници од Агенцијата за млади и спорт и ФК Вардар.






## ПРВО МЕСТО ЗА НАЈДОБАР ПОСТЕР НА МАССУМ

**АНАСТАСИЈА ДИМИТРИЕВСКА**
Ученичка во СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје

Постерот на Кристијан Ангелов од СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје го освои првото место на „Образовното рандеву“, кое на крајот на октомври се одржа во Гостивар. Училишниот бенд во состав Велче Тодевски, Марио Спасовски и Антонио Стојановски освои третото место, Горазд Димов - третото место за јавно говорење, а Ајсер Јакупи беше трет во категоријата интервју за работа на албански јазик.

На настанот што шеста година по ред го организира Младинската асоцијација на средни стручни училишта во Македонија (МАССУМ) учествуваа педесетина училишта чии ученици се натпреваруваа во повеќе категории: видеореклама, најдобар маркетиншки план, интервју за работа, веб-страница, јавно говорење, постер и најдобра фотографија. Целта на овој настан, поддржан од УСАИД, Министерството за образование и наука и од бизнис-заедницата, е да се поттикнат и подготват средношколците во изборот на идната професија.

ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## АЈДЕ ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ КАКО ЗА ВО ТЕАТАР



**САРА ЛОКВЕНЕЦ**
Матурантка во гимназијата „Георги Димитров“ Скопје

Во време кога можеби најславните личности во земјава се политичарите, сакам да се навратиме кон уметноста, поточно кон театарот. Искрено ме радува сè побројната млада публика, која често доаѓа на претстави, па тајно се радувам дека можеби се назира крајот на кршењето чаши во турбофолк-делириум.

Веројатно сум меѓу ретките средношколци што често одат во театар. Одам на претстави што ги следи редовната и искрена публика, но одам на претстави и кога групно нè носат од училиште.

Разликата е огромна. И затоа ми се наметнува прашањето – дали и колку имаме театарска култура. Еве зошто.

Кога одам да гледам претстава без моите соученици, го имам целосниот мир во салата и уживам. Нормално, или ненормално, има исклучоци. Но кога одам со група средношколци што се, така кажано, „присилно“ ставени во театар или, пак, платиле билет за да избегаат од 7-от час со оправдание „на театар сум нема да стигнам“, е тогаш ќе се изнаслушам и изнагледам сè, освен претстава. Погласна е публиката одошто актерите. Се довикува, се вика, се прави муабет. Веќе во петтата минута од претставата оној до тебе му довикува на актерот „Досаден си брат, скрати!“ или некоја минута подоцна „Леле, кај дојдов, кај се запустев!“. А јас стварно се прашувам, зошто дојде вечерва тука кога оваа уметност не те интересира? Нема да пречиш, а и пари за билет ќе заштедиш.

Телефоните се посебна приказна. Да ѕвони мобилен телефон е „благ“ пример на недолично однесување во театар. Не само што не го јаде срамот што цела сала одекнува од чудната мелодија туку и си се јавува, па јасно и гласно си разговара.

Ќе завршам со изјава на еден наш познат актер: „Театарот е како црква. Во него се оди со своја добра волја, со отворена душа, а не под присила или, пак, да одиш таму за да му пречиш некому“.

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

МАЈА КУЗМАНОВСКА и АЛЕКСАНДАР САМАРЏИСКИ, студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, АНА МИНОВСКА од „Јосип Броз-Тито“ Скопје, АНАСТАСИЈА ВЕЛКОВСКА, ТАМАРА ПЕЈОВСКА, САРА ЛОКВЕНЕЦ, ДАРКО ПОПОВСКИ од „Ѓорѓи Димитров“ Скопје, ЕЛЕНА ЈАНЧЕВА и АЛЕКСАНДРА ЧИБИШЕВА „Орце Николов“ Скопје, ЃОРЃИ КАМОВ од „Васил. А. Дрен“ Скопје

ФОТО: МАРКО АНДОНОВ АЦЕВ („Никола Карев“ - Скопје) и
БОРЧЕ ПОПОВСКИ (Студент на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста)

## ВИКТОР ПЕТРОВ-ВИКСА - РАДИОВОДИТЕЛ

# ИЗБЕГАВ СОСЕ КЛУПА ОД ЧАС

*Човекот што дваесет години е препознатлив глас во радиоетерот, Виктор Петров-Викса се радува што е фаца на месецот во „Медиум“, а уште повеќе што на аудицијата „Слушај радио“, која ја прават радијата Клуб ФМ и Сити радио, заедно со Високата школа за новинарство и за односи со јавноста се пријавија завиден број средношколци што покажаа афинитет да станат радиоводители. Аудицијата е во потрага по новите таленти во етерот што знаат да размислуваат преку звуци и правилно да се однесуваат пред микрофонот. Затоа Високата школа им нуди шанса на средношколците што имаат талент и желба за радио да посетуваат работилници и да соработуваат со радијата. Љубезниот домаќин со само нему својствен шарм изјави дека никогаш не му се случило да дава интервју пред повеќе од петнаесет луѓе*



**МЕДИУМ:** Високата школа заедно со Сити радио и Клуб ФМ радио ја организира аудицијата „СЛУШАЈ РАДИО“. Зошто е потребен ваков проект?

**ВИКСА:** Јас сум дел од жирито и сметам дека ова е шанса за сите млади луѓе што сакаат да се занимаваат со овој бизнис. Исто така, младост и свежина секогаш требаат во етерот. Секоја генерација си носи свои радиобисери. Искрено, очекував дека ќе одбереме два машки и женски гласови, и тоа би било тоа. Но, верувајте, премногу се изненадив кога видов дека се пристигнати повеќе од 70 гласовни пораки. Тоа е многу за земја што има 2 милиони народ. Моментално, во последниот круг се 15 фаворити, од кои најдобрите четворица ќе склучат професионален ангажман со Сити и со Клуб ФМ, а секако кога ќе има потреба ќе ги ангажираме и другите 11 кандидати.

**МЕДИУМ:** Што ќе ги советувате идните радиоводители?

**ВИКСА:** Да ја откријат вистината во себе, преиспитувајќи го своето битие. Да направат сè за да стигнат онаму кон каде што тргнале. Ужасно е тешко да се стигне до врвот, уште потешко е да се остане таму. Постојано има препреки што треба да се прескокнат. Не може сите да ве сакаат и добро е да имате непријатели, бидејќи ако тие не ви поставуваат сопки, тогаш самите ќе си поставите. Ако мислите дека сите ве сакаат и сите ви се пријатели, прашајте се што не е во ред.

Најбитниот момент е создавање однос меѓу публиката и човекот зад микрофонот. Оваа работа носи углед, но и предрасуди. Има слушатели што ќе те слушаат секој ден и по извесно време мислат дека добро те познаваат. Но не е така. Јас го пласирам само она што мислам дека треба, а не детали од личниот живот.

И уште нешто за кое мора да бидат свесни сите млади што влегуваат во медиумскиот свет е тоа дека телевизијата и радиото не се работат за пари, туку за квалитет. Парите и успехот не се бркаат. Кога ќе престанете да го правите тоа, тие сами ќе тргнат по вас.

**МЕДИУМ:** Ајде малку за средношколските денови. Каков беше Викса како средношколец?



**ВИКСА:** Имам расчистено во главата со моментот дека ако не си поминеш убаво во средно, пропушташ многу, бидејќи потоа порастнуваш и ти натежнуваат обврските.

Во однос на учењето, го совладував тоа што требаше, но искрено не ме интересираа сите предмети. Имав страшен интерес за радиото и телевизијата како медиуми, но го задоволував тој интерес во слободно време. Ќе го паметам професорот по управно право во „Борис Кидрич“ во Скопје. Имав тежок спор со него. Веројатно сум го изнервирал со некоја моја изјава својствена за тинејџер, но тогаш не бев свесен за тоа. Не знаев дека сум во толку лоши односи со него. Пропуштив една година и не се запишав веднаш на факултет бидејќи не сакаше да ми даде потпис. Но изиграв тактички и го средив тоа идната година.

**МЕДИУМ:** Кој е моментот од средношколските денови на кој ќе се сеќаваш секогаш?

**ВИКСА:** Имам побегнато од час сосе клупата. Со другар ми седевме на клупата до вратата и среде час побегнавме сосе неа. За среќа, професорот не нè запиша. Тогаш собрав многу фраерски поени. Со денови се раскажуваше за настанот. За жал, тогаш немаше мобилни за денес да имам фотографии. Инаку, не се убивав од бегање. Кога бегав, правев нешто креативно, преснимував музика на касети, ја преслушував.

Еднаш избегав за да одам на првата аудиција на која се пријавив за радиоводител и, ете, тој момент беше пресвртен во мојот живот.

**МЕДИУМ:** Освен отсуството тој ден од училиште, што друго беше клучно за почнувањето на твојата радиоприказна?

**ВИКСА:** Во средно, а и денес сум многу добар другар со Дарко Мијалковски. Имавме огромна желба да влетаме во радиоетерот. Се пријавивме на аудиција во тогашното КМР СКАЈ радио. Поминавме добро на аудицијата, направивме сè што ни кажаа, нè одбраа и еве веќе дваесет години радиото е дел од мене и јас од него.

**МЕДИУМ:** Како се чувствуваше кога првпат си го слушнавте гласот на радио?

**ВИКСА:** Првпат проструив низ етерот на 8 Март, честитајќи им го денот на сите жени. Откако се слушнав, на пат за дома одев со јакната преку глава. Бев шокиран. Разочарувањето траеше само два дена и не разговарав со никого. Но подоцна се навикнав. Денес сум радиоводител пред микрофонот. Надвор од тоа сум нормален човек како сите вас.

**МЕДИУМ:** Имате и телевизиско искуство. Би можеле да направите паралела меѓу двата медиума?

**ВИКСА:** Иако изгледаат слично, во суштина се многу различни. Телевизијата на некој начин е оживеано радио. Од друга страна, радиото бара огромен ангажман на имагинацијата од слушателот. Слушаш радио, некој непознат глас и си црташ лик во главата. Телевизијата сервира сè и некогаш се случува да се загуби идејата. Таа е помоќна во однос на маркетингот, гледаш реклама и купуваш. Радиото треба да ја направи рекламата за да влезе во потсвеста на слушателот. Но радиото ја има предноста пред телевизијата што ти е пријател во кое било време од денот споделувајќи со тебе информација или добро музичко парче.



**МЕДИУМ:** Покрај ангажманот во радио, дел сте и од телевизиското шоу „Вајпаут“ како коментатор. Што мислите, како би се снашле како учесник?

**ВИКСА:** Со оглед дека сум здебелен 8 кила имам предиспозиции. (се смее) Во шоуто не се бараат мускули и огромна физичка сила. Потребно е брзо донесување одлуки и психичка подготвеност. Инаку, како коментатор се снаоѓам добро и мило ми е што гледаноста е навистина огромна.

### ● КОЈ Е НАЈГОЛЕМИОТ ГАФ ВО ВАШАТА КАРИЕРА?

Најголемиот гаф се случи додека работев во телевизија во една емисија во која се емитуваа музички спотови и се коментираа. Две години имавме иста сценографија, не се менуваше и сè беше во ред. Моментот кога ја завршив последната емисија од сезоната и кажав „Се гледаме идната сезона“, се распадна целата сценографија. Тоа беше фантастичен момент. Не сакам ни да помислам што ќе правевме ако тоа ни се случеше во почетокот на снимањето.

### ● ОД СРЕДНОШКОЛСКИТЕ ДЕНОВИ... И ДЕНЕШНИВЕ МЛАДИ

Се сеќавам дека тогаш музичкиот канал Ем-ти-ви се викаше Мјузик бокс. Одеа 5 актуелни и квалитетни спота еднаш неделно и мораше да бидеш максимално сконцентриран за да ги начекаш. Во однос на технологијата, на денешниве млади им е многу полесно да слушаат музика, да ја консумираат. Инаку не им фали ништо. Секогаш може нешто да се додаде, но финтата е животот да си го направиш забавен и интересен со тоа што го имаш.

## БЛИЦ ВЕСТИ

• Резултатите од меѓународната Студија за однесувањата на децата поврзани со нивното здравје говорат дека младите во Македонија најчесто слободното време го трошат седејќи: гледаат телевизија, играат видеоигри или се пред компјутер и пишуваат домашни задачи. Податоците објавени во книгата „Младите, физичката активност и седечките однесувања“, од Жанета Чонтева и Катерина Мојанчевска, покажуваат дека децата (особено момчињата, етнички Македонци) поголем дел од своето слободно време го минуваат пред телевизор и компјутер, за разлика од учениците етнички Албанци што повеќе време им посветуваат на пишувањето домашни задачи. Во исто време, редовната физичка активност кај адолесцентите на 15-годишна возраст покажува дека опаѓа со возраста, и тоа повеќе кај девојчињата отколку кај момчињата.

• Вкупно 83 отсто средношколци барем еднаш во животот играле некоја игра на среќа, а најчесто се обложуваат во спортските обложувачници, како и на Интернет. Утврдено е дека 17 отсто од испитаните средношколци веќе имаат сериозна зависност од коцкање. Овие адолесценти се склони кон деликвентно и насилно однесување. Причините за коцката се брза заработка, забава и возбуда. Машките повеќе се коцкаат од женските.

• Младите кога се уморни јадат повеќе нездрава храна, покажува американска студија објавена во стручното списание „Слип“. Тинејџерите што спијат помалку од осум часа јадат повеќе мрсна храна од оние што спијат повеќе од осум часа, укажуваат научниците што ги истражувале прехранбените навики на младите на возраст од 16 до 19 години. Истражувањето покажува дека девојчињата почесто ги менуваат прехранбените навики, ако останување подолго време будни. Утврдиле дека секој дополнителен час сон ја намалува можноста за прејадување во просек од 21 отсто.

Јасна Атанасова, студентка по новинарство на Високата школа

НАЈДОБАР МЛАД НОВИНАР - НОЕМВРИ

## АНГЕЛ ДИМИТРИЕВСКИ

III година, Средно медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје

# МОЈОТ ЧАК НОРИС

Чак Норис избројал до бесконечност - двапати, ја изградил куќата во којашто е роден и тој е десет години мртов само смртта се плаши да му каже. Вицовите, шегите и преувеличувањата за Чак Норис нè водат кон тоа да си го претставиме како лик којшто може да го направи невозможното, да го допре недостижното, да го создаде нереалното...

Кога еден ваков лик би ставиле во улога на човек којшто живее во нашата земја, несомнено е дека ќе има полни раце работа. Моќите на Чак Норис се толку големи, што кога тој лупи кромид, кромидот плаче од него. Но, мојот Чак Норис ќе биде херој што не би ги користел тие „моќи“ за да го лупи кромидот или да брои двапати до бесконечност. Има многу поголеми проблеми коишто чекаат да бидат решени. Поминувајќи низ центарот на нашиот град може да видите гладни, боси, сиромашни луѓе, кои сè што сакаат во својот живот е топол дом, храна, семејство и сите оние работи што го прават еден човек среќен. Мојот Чак Норис на овие луѓе ќе им изгради домови во кои ќе живеат посреќен живот... Живот што нема да зависи од тоа колку пари собрале во денот од милостина измолена од случајните минувачи.

Ние, учениците, денес се соочуваме со професори коишто не секојпат знаат да ни помогнат, да ни дадат добар совет, да нè подучат и да ни кажат кој е вистинскиот пат. Мојот Чак Норис ќе биде професор што соработува со децата, што ќе знае да им каже колку знаат, а не колку не знаат. Тој ќе биде авторитетен, но истовремено неговите ученици ќе му возвраќаат со почит, па кога по десет години ќе го сретнат на улица, ќе го поздрават и ќе му кажат дека од него ги научиле вредностите на животот.

Мојот Чак Норис ќе биде тинејџер и средношколец што знае да другарува, што не ги исмејува послабите од него, туку им пристапува да им помогне. Ќе биде млад човек што не се срами од своите грешки, туку бара начин како да ги реши, без страв дека притоа ќе биде исмеан од некој. Ќе биде пример за тоа дека другарството не познава националност, боја на кожа или финансиска положба. Мојот Чак Норис на учениците и на студентите ќе им овозможи повеќе стипендии за тие да бидат мотивирани да учат, да знаат да го вреднуваат тоа што го работат и да сфатат дека и училиштето може да ни понуди и нешто добро.

Мојот Чак Норис ќе биде родител што го сака своето дете и што знае да го научи на „лекциите“ за животот, родител што ќе му ја објасни разликата меѓу доброто и лошото. Тој ќе изгради подобри интернати за средношколците и за студентите, коишто нема да им бидат „кошмар“ кога тие ќе треба да дојдат во нив.

Мојот Чак Норис ќе биде лекар којшто со насмевка ќе знае да го пречека пациентот, ќе му даде совет, утеха и поттик за тоа како да продолжи понатаму. Мојот Чак Норис ќе биде политичар којшто работи за својот народ, ги зголемува нивните плати за да им овозможи подостоинствен живот и со тоа се бори да го намали криминалот во нашата земја.

Овие дела треба да бидат реализирани. Но, не од некој фиктивен Чак Норис. Секој од нас нека биде Чак Норис за самиот себе. Нека придонесе за да имаме подобар живот во оваа наша држава, создавајќи со тоа подобро утре за наредните генерации, коишто наместо со Чак Норис, ќе се поистоветуваат со нас за некое дело што им било од полза и што им значело во животот.



Овој месец за новинар имаме медицинар. Ангел Димитровски од средното медицинско училиште “Д-р Панче Караѓозов“ од Скопје е добитник на наградата „Најдобар млад новинар“ за месец ноември. Тој се одзва на конкурсот на “Медиум“ со темата „Што ќе направам ако сум Чак Норис?“.

Образложението на комисијата е дека текстот посочува на најосетливите прашања од секојдневието. Укажува на заборавени вредности и дава силна порака како не треба, со надеж дека ќе биде прочитана и од оние кои се посочени. Читањето тече лесно, се е слеано, така што прозвучува како секојдневен разговор. Авторот свесно критикува и испраќа порака, зборува во свое и во име на средношколците за недостатокот од етика, професионалност и човечност во општеството.

На конкурсот се пријавија 30-тина средношколци од Струмица, Куманово, Скопје, Виница и Охрид. Во потесен избор влегоа пет текстови кои на почетокот на декември ќе бидат објавени на веб страницата www.medium.edu.mk

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА:**
Јасмина Миронски и Александра Теменугова од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, Тамара Ќупева, Драгица Панова и Марина Лотеска, професорки по македонски јазик и литература од гимназиите „Орце Николов“, „Никола Карев“ и „Георги Димитров“.

## ДОДЕЛЕНА НАГРАДАТА ЗА НАЈДОБАР МЛАД НОВИНАР ЗА МЕСЕЦ ОКТОМВРИ




Комисијата на „Медиум“ и ја додели октомвриската награда „Најдобар млад новинар“ на ученичката **Ѕвездица Алексоска** од скопската гимназија „Георги Димитров“. Таа ја освои месечната награда мобилен телефон со есејот „Први слики, први чувства“, во кој таа дава реален приказ на соочувањето на новодојдените ученици во нова, средношколска средина. „Тоа е вистинит, сиров и необработен материјал, кој доаѓа како директно пресликување на она што се чини дека е само небрежно нижење на настани и слики, без ред... Но откако убаво ќе се исчита, се гледа дека текстот има свој внатрешен ред, има хармонија во хаосот и градацијата на чувствата“, стои во образложението на комисијата од професори и предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста.

Врачувањето на наградата се случи на часот по информатика, на кој дознавме дека Ѕвездица е мирна, срамежлива, но одговорна и талентирана ученичка. „Освен што учи, најдобра е во одбојка во класот“, рече соученикот **Ангел Спасовски**.

На конкурсот „Најдобар млад новинар“ се пријавија триесетина средношколци од Крушево, Куманово, Скопје, Виница, Охрид и од Прилеп.

## 2²



**Марјан Ѓорѓиевски, битолскиот стендап-комичар преку ноќ стана миленик на цела интернет-публика и докажа како се станува популарен преку новите медиуми. Почна со настапи во битолските клубови. Во видеоклиповите, кои двапати неделно ги става на „Јутјуб“, на уникатен комичен начин доловува слики од македонската реалност.**

МАЈА КУЗМАНОВСКА
Студентка по новинарство на Високата школа

**МЕДИУМ:** Како Марјан стана актер и колку е свесен за својата популарност на социјалните мрежи?

**МАРЈАН:** Кога бев мал, татко ми често знаеше да изјави дека нема да завршам факултет и да си најдам некој занает, па да заработувам. Се запишав во Техничкото средно училиште, па сите мислеа дека ќе поправам телевизори. Но кога дојде изборот за факултет, одлуката падна за Факултетот за драмски уметности. Дипломирав во класата на Владимир Милчин, а моментално играм во претставите на битолскиот народен театар.

Што се однесува до стендап-комедијата, прво почнав со настапи по кабареа и кафулиња. Почна спонтано, иако тоа бараше и малку да се едуцирам. Тоа што сум станал интернет-феномен на „Јутјуб“ и на „Фејсбук“ не би го коментирал многу. Едноставно, замислата беше луѓето од цела Македонија да се запознаат со она што го работам, а не само битолчани. Инаку, за крај до средношколците што читаат „Медиум“ - сигурен сум дека во иднина ќе има и видеоклип за средношколците и некои нивни професори што се прават сериозни, а всушност се ултрасмешни.

**МЕДИУМ:** На што се сеќава Марјан од средношколските денови?

**МАРЈАН:** На професорката по математика. Четири години имав единица. Кога ќе поднаучев нешто и сакав да поправам, за неа тогаш не постоев, џабе кревав рака. Се сеќавам на еден ден кога правевме тест и професорката ми рече: „Што ќе ти давам тест тебе и онака ‘кец’ ќе имаш“. Но сепак ми дозволи да пишувам. И кога гледам, што да видам во тестот. Равенки, корени, степени, непознати. Ми се стемни пред очи. И почнав да цртам, да пишувам, да внесувам разни букви и бројки. Замислете, во една равенка добив 36 врз 26, па ми текна да ги скратам шестките и добив едно цело и една половина. Нормално, добив единица и тоа испишана преку цел лист.

Но во средно имаше и убави моменти. Бев претседател на класот и постојано ги одложував писмените. Знаев на професорите да им пристапам на хумористичен начин, да им одглумам некоја сцена, па да ми прогледаат низ прсти. Ќе се сеќавам и на аматерските претстави, кои ги играв во салата на Техничкото училиште во Битола, каде што матурирав.

## КРИСТИЈАН РИСТЕСКИ, ВНУК НА ТОШЕ ПРОЕСКИ

### КРИСТИЈАН ГИ ОЧЕКУВА НАЈУБАВИТЕ ГОДИНИ СРЕДНОШКОЛСКИТЕ

**Внукот на Тоше сега е осмоодделенец, а на него се сеќаваме по фотографиите каде што се еден до друг со неговиот вујко, а сега се ставени и во Спомен-куќата на Тоше Проески. Неговиот музички талент е несомнено забележлив и затоа „Медиум“ при посетата на Крушево задолжи неколку ученички да дознаат што се случува со ова момче, кое освен што се занимава со музика, исто така тренира и одбојка.**



ДЕАНА РИСТЕСКА и ФАНИ АНГЕЛЕСКА
Матурантки во гимназијата „Наум Наумовски-Борче“ Крушево

**МЕДИУМ:** Што те привлекува повеќе, одбојката или музиката?

**КРИСТИЈАН:** Морам да кажам дека музиката повеќе ме привлекува. Во иднина би сакал да продолжам со музиката, тоа е мојата најголема страст и желба. Најверојатно бидејќи преку музиката ги искажувам моите чувства.

**МЕДИУМ:** Каде би сакал да продолжиш со образованието, во кое средно училиште?

**КРИСТИЈАН:** За средно училиште мојот избор е веќе одамна направен. Ќе се запишам и ќе завршам музичко образование. И искрено морам да признаам дека очекувам да си поминувам поубаво како средношколец. Мислам дека тоа се најубавите години за секој од нас.

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

## МЛАДИТЕ И ИСХРАНАТА

НАДЕ БОЖИНОВА, ТИНА ДАСКАЛОВА, МАТЕЈ НИКОЛОВ
Ученици од гимназијата „Орце Николов“ Скопје
ФОТО: МАРКО АНДОНОВ АЦЕВ („Никола Карев“ - Скопје)
МАТЕЈ ТРОЈАЧАНЕЦ и МАРТИН САРОВСКИ
(Студенти на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста)

# КАЖЕТЕ Ѝ НЕ НА БРЗАТА ХРАНА

***Дебелината е болест и ја демне младината. Не само кај нас туку и во светот. Најголем проблем се навиките што средношколците ги имаат стекнато од родителите, од соучениците и од околината и, иако знаат што е здрава храна, претпочитаат брза и нездрава***



Младите сакаат компјутери, бескрајно висење на Фејсбук, вртење по телевизиските канали додека пред себе на послужавник грицкаат чипс, хамбургер, пица, брз оброк, кој е сè само не и здрав. На секој голем одмор бурекчилниците, пицериите и продавниците се преполни од оние што бараат да јадат тоа што им е најбрзо, најблиску и според нив (нај)вкусно. Се загуби навиката да се касне нешто свежо, дома да се приготви сендвич или да се земе парче овошје, здраво јаболко или банана. Истражувањата во светот и кај нас велат дека тоа води во нарушување на здравјето и дека е време на брзата храна (преведено од англискиот „фастфуд“) да ѝ се каже збогум.

Според анкетата направена во неколку средни училишта, младите за појадок најмногу сакаат тост и сендвичи, додека за ручек јадат пица и помфрит, како и тестенини. За тоа како влијае овој тип на исхрана врз нив и од кои причини изборот паѓа на ваквата храна разговаравме со психологот во средното училиште „Георги Димитров“ - Лена Ристовска. Таа смета дека ваквата појава всушност е одлика на навиките на родителите на средношколците, соучениците и на околината. „Учениците многу добро знаат што подразбира здравата исхрана, но никој не се труди да ја примени“, вели Ристовска и додава дека го земаат тоа што им е најлесно, односно брзата храна. Младите се копираат еден со друг, па така несвесно влијаат едни на други: ако едниот купи хамбургер, ќе купи и другиот, навика што тешко може да се совлада и искорени.

Во прилог на тоа дека средношколците се свесни што е здрава исхрана зборува и проектот што беше спроведен во училиштето минатата година, кога од учениците се бараше да донесат кошници со здрава храна. Сите, вели Ристовска, донесоа кошници полни со овошје и зеленчук, а не со хамбургери. Таа дополнува дека голем проблем е тоа што во околината на училиштата има само киосци со брза храна, а нема места каде што учениците може да купат едно убаво свежо јаболко.

### ШТО ВЕЛАТ ЕКСПЕРТИТЕ ЗА ИСХРАНА?

Средношколците се најмногубројната „клиентела“ кај нутриционистката Цвета Динева. Таа вели дека е алармантно што последниве години младите што доаѓаат кај неа имаат исклучително лоши крвни слики. Машките уште во средно школо имаат замастен црн дроб и маснотии во крвта, што е апсолутно несвојствено за млада популација. Тинејџерките, пак, имаат проблеми со нередовен менструален циклус и анемија.



За да се смени тоа, неопходна е едукација за правилна исхрана, вели Динева. „Здравјето значи добар баланс во телото, а тоа се постигнува само со здрава храна. А токму тоа најмногу недостига во секојдневието на средношколците“, објаснува таа и додава дека поради тој недостиг младите се исцрпени, уморни и без енергија.

Таа истакнува дека најголемата штета е што ваквата храна го расипува организмот, а хамбургерите, тостовите, бурециите и сендвичите го исцрпуваат младиот организам, на кој му е потребна огромна енергија. „Сета таа храна го ослабува имунитетот и го остава телото тотално незаштитено од болести“. Нејзиниот совет е јасен: секој ден да се консумира многу свежо и малку суво овошје, како и по неколку јаткасти плодови. Така здравје-



то ќе си дојде само по себе, а со тоа и енергијата и доброто расположение“.

Лошата исхрана и слабата физичка активност придонесуваат до зголемување на бројот на дебели млади луѓе, што, пак, води до зголемување на кардиваскуларните заболувања.

Кардиологот, доктор Горан Николов, смета дека во развојот на младите особено е важен периодот на пубертетот во кој тие мора да внимаваат на своето здравје, бидејќи ова е период на развој. „Доколку младите продолжат да се хранат толку нездраво, младината набрзо ќе биде толку ослабена што ќе биде само бледа слика на тоа што треба да го претставува, а тоа е сила и енергија“, проценува доктор Николов.



### СЕ ГУБИ ИНТЕРЕСОТ ЗА СПОРТ

(Не)здравиот начин на живот на младите го коментираат и професорите по спорт и спортски активности од гимназиите „Георги Димитров“ и „Орце Николов“ – Бранко Авамовски и Богољуб Љошевски. И двајцата имаат ист став дека квалитетот на живот на денешните тинејџери не е ни приближно онолку здрав колку што бил во деведесеттите години на минатиот век. Евидентно е немањето желба за физичка активност и стануваат сè понезаинтересирани за сопственото здравје. Според професорот Авамовски, ваквиот став на младите се должи пред сè на нивното самоволие и, колку и да се обидуваме да го промениме тоа, не може да има никаков ефект доколку младите сами не станат свесни и не изразат желба да го променат тој нездрав начин на живот. Професорот Љошевски дополнува дека врз младите треба да се влијае уште од мали нозе и да им се вродат навиките како што е внесување здрава храна и практикување спорт за потоа самите да продолжат со тие активности.

### РЕШЕНИЕ ЗА ПРОБЛЕМОТ

Многу земји во светот свесни за тоа се обидуваат преку различни кампањи и едукации да влијаат врз менувањето на начинот на брзото живеење. Мишел Обама, првата дама на САД, иницира кампања за здрава исхрана во основните училишта, што како чекор го презеде и Маја Иванова, сопругата на претседателот на Македонија. Популарниот британски готвач Џејми Оливер направи вистински пресврт во земјата за да смени стратегијата во образованието и свеста кај младите Британци. Неговите реформски напори успешно завршија со менување на дневните менија во училишните кујни.

Сè повеќе земји инсистираат во нивниот образовен систем да има што повеќе часови за физичка активност. Така, на пример, холандските ученици во текот на неделата имаат и по најмалку три часа по пливање, гимнастика и други спортови.

### ШТО НИ РЕКОА СРЕДНОШКОЛЦИТЕ

На голем одмор, пред сендвичарницата во гимназијата „Орце Николов“, метеж како и секогаш. Во редот беа и Јани Димов и Софија Климоска, кои ги прашавме што ќе имаат за појадок. „Денес бурек со месо, а утре веројатно пак, зашто ми е најблиску и најлесно, а богами и највкусно. Нема да се мачам да одам до некој маркет само за јаболка, овошје и слични работи“, ни рече Јани. Другарката Софија додава: „Јадам тост и не се замарам многу со здрава храна. Е како сега од дома ќе носам сендвичи, ќе ги влечам во салфетки?! Глупости! Ќе си купам и ќе јадам ко човек“.

НИЕ ИСПРАШУВАМЕ

ЕМИЛ СОЛЕСКИ, ПРОФЕСОР ПО ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

# РАБОТАТА СО УЧЕНИЦИ Е ИНСПИРАЦИЈА И ВО ВАЈАРСТВОТО





**РАДМИЛА БАБАРЧИЌ**
IV-6 клас во СОУ „Наум Наумовски-Борче“ Крушево

Емил Солески е професор по ликовна уметност во крушевската гимназија „Наум Наумовски-Борче“. Слободното време го посветува на неговата примарна љубов – вајарството, која е неодминлив дел од редовната настава и креативноста што на уникатен начин сака да ја поттикне кај средношколците.

За себе вели дека уметноста отсекогаш била дел од него, а ја надградил со студиите на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на одделот вајарство со конзервација и реставрација. Омилениот скулптор на крушевските гимназијалци зад себе има повеќе изложби.

- Првата самостојна изложба ја направив во 2000 година во рамките на „10 дена Крушевска Република“. Оттогаш сум учествувал на десетина самостојни и групни изложби во и надвор од државата - вели Солески за „Медиум“.

Го прашавме како успева да ја меша работата со онаа другата, секундарната – вајарството.

- Работата со децата е моја инспирација. Во текот на годините со учениците сме организирале работилници во зависност од условите и нивната желба, како на пример, „**Снежен град**“, „**Екологија**“, работилница за „**Графика**“, работилница во рамките на манифестацијата „Етноград“, „**Децата на Тоше**“ во Спомен-куќата на Тоше Проески.

Учениците го паметат по неговиот непосреден однос што тој го има со нив. Чести теми на часовите се тинејџерските дилеми и навики.

## Најкул професор

ЈУЛИЈАНА НИКОЛОВА



Јулијана Николова од скопската гимназија „Јосип Броз-Тито“ е избрана за најкул професор за ноември. Таа предава им информатичка технологија на учениците во втора година, од кои доби и најмногу гласови на анкетата на средношколскиот сајт www.medium.edu.mk. „Часовите кај неа се вистинско уживање. Навистина ни е многу интересно. Јуле знае да се постави на исто рамниште со учениците и, секако, изгледа многу кул“, „Нè плени со својот другарски однос. Едноставно таа за мене е најфината професорка од сите што ни предаваат“, „Јуле ја чувствуваме како дел од нас учениците, а не како дел од професорите. На нејзините часови се разговара за новите технологии, но и тинејџерските дилеми, љубови и места каде што се излегува“ се дел од образложенијата што ни беа испратени во текот на месецот.

Како фаворит за оваа почесна награда за професорите е Зоран Трпчевски, професор по историја во гимназијата „Св. Наум Охридски“ од Македонски Брод (се споменува како професор и во охридската гимназија „Св. Климент Охридски“). Учениците гласаа и за Весна Симјановска, професорката по музичка уметност во средното училиште „Марија К. Склодовска“ од Скопје.

Редакцијата на „Медиум“ секој месец избира најкул професор според бројот на гласови и образложенијата што ги даваат средношколците на истоимената веб-страница. Веќе е во тек гласањето за омилен професор за декември. Па, драги ученици, вам ви е редот да оценувате.

## „МЕДИУМ“ ЈА И ВРАЧИ НАГРАДАТА „НАЈКУЛ ПРОФЕСОР“ НА АНА ВЕЛЈАНОСКА



**ФИЛИП ДИМКОСКИ**
Ученик во II г., „Мирче Ацев“ Прилеп

Неочекувано и штотуку почнала со редовната лекција за центрипетална сила, екипата на „Медиум“ засилена со уште други 30 ученици ја изненади Ана Велјаноска, професорката што предава физика во прилепската гимназија „Мирче Ацев“, поради една несекојдневна причина: да ѝ ја врачи наградата што не се добива секој ден – НАЈКУЛ ПРОФЕСОР. Изненадувањето стана уште поголемо кога грмна аплаузот од седумдесетина ученици што со претходно подготвено сценарио со директорот на гимназијата беа собрани во големата училница. На Ана ѝ требаа неколку моменти за да сфати зошто сме таму. Но за кратко се созеде и, откога ѝ честитавме за октомвриската награда, Ана рече дека ова ќе биде незаборавен момент за неа. „Ова е НАЈКУЛ НАГРАДА, доделена од најстрогите критичари – учениците, публицирана во најчитаниот весник ’Медиум’. Оваа награда ќе стои урамена до третоноемвриската награда (2006 г.) и до ’просветен работник на годината на Р. Македонија’ (2007 г.)“, рече Ана.

За својата работа раскажа дека ја работи несебично, природно, сакајќи како аманет да им го пренесе стекнатото знаење од нејзините професори и учители. Заедничката љубов – физиката - ги однела неа и нејзините ученици на многу меѓународни натпревари: Холандија, Германија, Русија, Хрватска, Тајланд, Франција, во ЦЕРН-Женева, Швајцарија. „Сите тие искуства неминовно ме ’натераа’ да пишувам учебници по физика. А учениците, воопшто децата, за мене се неисцрпна ризница за инспирација, па така произлезе мојата книга раскази за деца ’Среќен ден’. Јас велам дека врската меѓу физиката и уметничките литературни творби е тоа што сè е физика“, изјави Ана за „Медиум“.

Освен до учениците, таа изрази благодарност и до семејството, кое, како што рече, е главната поддршка во сите професионални ангажмани.

„Медиум“ секој месец му ја доделува наградата „најкул професор“ на професорот што ќе освои најмногу гласови на онлајн-анкетата на средношколскиот сајт medium.edu.mk


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

# КОНКУРС
за
## НАЈДОБАР МЛАД НОВИНАР

**1.** Напиши еден или повеќе оригинални текстови на следниве теми:

- **Возачка дозвола на 16 години** (што мислиш за новиот предлог да се добие возачка дозвола на 16 години? Која е границата меѓу младешкиот темперамент и сериозноста да се биде зад воланот? Кои се предностите, а кои се маaните од ваквиот потег, ќе бидеш ли фраер на училиште или ќе имаш повеќе кавги со мама и тато?)
- **Потрага по една незаборавна новогодишна прослава** (што е карактеристично за современата тинејџерска прослава на најлудата ноќ во годината? Мислиш ли дека е сменет традиционалниот пречек? Што очекуваш ти од Новата година?)
- **Читаме ли?** (колку и што читаат младите? Се задржуваме ли на задолжителната лектира или посегнуваме по ненаметнатото? Го демне ли општеството опасност од читатели-паразити, кои се покорни слуги на Интернетот? Што може да се промени за да се зголеми интересот за читање кај средношколците?)

**2.** Освои награда:
Секој месец награда: мобилен телефон
**Само за матуранти:** две целосни стипендии за студирање новинарство на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста во академската 2012/2013 година

**3. Право на учество имаат сите средношколци од I до IV година**

**4. Критериуми за избор:**
Оригинален текст во кој ќе ги препознаеме вашиот став и критичкото размислување за темата за која пишувате, начинот на кој ја разработувате и вашиот стил на изразување.
Должина на текстот: до 50 реда, потпишан со име и презиме, училиште и година, град и контакт-телефон.
Рок за испраќање на првиот месечен конкурс е **22 декември 2011** година, на имејл-адресата: medium@medium.edu.mk

**5. Изборна комисија**
Комисијата е составена од уредници на дневниот весник „Нова Македонија“, професори и предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и од професори од средни училишта

**6. Наградениот текст ќе биде објавен во печатеното месечно издание на „Медиум“, а другите текстови од потесниот избор на www.medium.edu.mk**

7. **Контакт:** Александра Теменугова 02/3090-004, medium@medium.edu.mk


КАДЕ БЕВМЕ?

# КРУШЕВО, ПРИЛЕП И СКОПЈЕ

**ЈАСНА АТАНАСОВА и МАРКО ПЕТРЕСКИ**
Студенти на Високата школа

Ноември беше месец на посети. Дури три училишта изразија желба да се сретнат со екипата на „Медиум“, во која се вклучени и студентите по новинарство во Високата школа: прилепската гимназија „Мирче Ацев“, каде што првенствено појдовме да ја врачиме наградата „најкул професор“, „Наум Наумовски Борче“ од Крушево и економско-правното училиште „Арсени Јовков“ од Скопје. Во сите три училишта се сретнавме со новинарската секција, каде што говоревме за тоа како пишуваат новинарите и што значи да се биде новинар. Радува фактот што најдовме таленти за пишување и некои од нив уште за време на часот добија задолженија чија реализација може да се види во ова издание на „Медиум“. По посетите имаме и значителен број ученици што се пријавија на конкурсот „Најдобар млад новинар“.

Идниот месец веќе е договорена посета во Охрид и во Битола. Сите училишта што се заинтересирани за ваква или слична соработка може да ни пишат на medium@medium.edu.mk





ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

МАРКО ПЕТРЕВСКИ
ФОТО: МАРТИН САРОВСКИ
Студенти по новинарство на Високата школа

ИНТЕРВЈУ СО ЖИВКО ЈАНЕВ

# ВОЗИ ЛОКОМОТИВА, СОНУВА ТЕАТАРСКА СЦЕНА



*Ги чувам билетите од сите претстави што сум ги гледал досега, за кои сум вложил 23.000 денари, вели 16-годишниот Живко Јанев, кој успешно се снаоѓа и како машиновозач и како актер на театарската сцена*

Во животот има направено несекојдневен спој на две несродни професии - актерството и управување локомотива. Се вика Живко Јанев и е најдобриот актер меѓу машиновозачите и најуспешниот возач на локомотива меѓу глумците. Тој е втора година во СУГС „Владо Тасевски“ од Скопје, а по потекло е од Гевгелија. Одлично се снаоѓа и со локомотивата и на театарската сцена.

**Како успеа да научиш да возиш локомотива?**

- Уште од четврто одделение почнав често да патувам со воз, а бидејќи чичко ми е шеф на железничката станица во Гевгелија, имав привилегија понекогаш да се возам во локомотивата. По првото влегување ми се појави желба и јас да го работам тоа еден ден, па машиновозачот почна да ми објаснува кои се инструментите со кои тој се служи. Со секое наредно возење дознавав сè повеќе за таа професија, па еве денес, по неколку години подучување, можам сам да управувам со патнички воз. Сум имал многу тест-возења, но, се разбира, на места каде што тоа е безопасно.



Учиш во паралелка со насока машиновозач. Дали ти е полесно со оглед на тоа дека имаш многу предзнаење?

- Се разбира дека моето предзнаење за таа област многу ми помага за училишните обврски. Ги имам прочитано и ги разбирам сите правилници според кои работи „Македонска железница“. Успехот ми е одличен и сум претседател на класот. Но и покрај тоа, никогаш не се „перчам“ дека умеам нешто повеќе од моите соученици. Како претседател, се трудам секогаш да има слога и искрено пријателство во класот.

**Како идниот машиновозач се најде на актерски колосек?**

- Со актерство се занимавам од седмо одделение. Тоа ми е природна дарба, немам посетувано никакви часови. Најмногу ми одат откачени улоги во комедии, но одлично се справувам и со тажни ликови од трагедии. Имам над 30 театарски настапи, а еднаш имав и понуда да глумам во претстава во Македонскиот народен театар. Но во тој период за несреќа ја скршив раката и ја пропуштив таа можност. Неодамна почнав да соработувам и со младиот режисер Трифун Ситниковски, кој е навистина успешен во неговата професија.



**Посетуваш ли театарски претстави?**

- Многу често. Поточно редовно! Од секоја претстава ги чувам билетите во една кутија. Пред некое време пресметав колку пари имам потрошено на билети за театар и излезе дека на тоа задоволство на сум потрошил колку една натпросечна македонска плата од 23 илјади денари. Се разбира, гратисите не ги сметав. (се смее)

**Имаш уште две години да се одлучиш каде ќе студираш, но сепак по кој пат ќе тргнеш. По шините или по штиците?**

- Факултетот за обука на машиновозачи во Битола не работи. Порано работеше, но сега е затворен. Поради тоа желба ми е да се запишам на Факултетот за драмски уметности и да се надградам на тоа поле. Нема потреба да учам да бидам машиновозач, бидејќи веќе сум! (се смее)

НАШ ПРЕДЛОГ

КАДЕ ЗА 100 ЕВРА



## НОВА ГОДИНА ВО
## БУГАРИЈА - СРБИЈА - МАКЕДОНИЈА

***До Нова година останува еден месец, па зошто уште сега да не се почне со планирање, се разбира доколку веќе немате план каде би ја прославиле најлудата ноќ што ќе не раздели од 2011-та. Еве неколку предлози, кои добро би дошле за скромниот тинејџерски џепарлак***











ЕЛЕНА ЈАНЧЕВА и
АЛЕКСАНДРА ЧИБИШЕВА
III г. во гимназијата „Орце Николов“ Скопје

Зошто Нова година да не се помине во зимска идила, како што е онаа во зимските центри во Бугарија - Банско и Боровец. Хотелите со три ѕвезди нудат места за три ноќевања и појадок за 99 евра и други можности за забава и рекреација и, секако, незаборавни ски-терени.

Но ако сте повеќе урбан тип и ако скоро не сте го посетиле на школска екскурзија, како опција е и Белград, еден од најубавите градови на Балканот. Во скромен хотел во строгиот центар на градот за три ноќевања со појадок за две лица ќе треба да издвоите приближно 90 евра. Тоа се три незаборавни дена во луда журка, прошетка по Кнез Михајлова, шопинг и неизбежните знаменитости како Калемегдан, Ада Циганлија, црквата „Св. Сава“, општината, парламентот и многу други.

Доколку сепак не сте по шетањето надвор од македонската граница, топло го препорачуваме Маврово. Во некој од хотелите за 80 евра може да се одморите од напорното полугодие и со дневна ски-карта од 900 до 1.100 денари. Поевтина би била прошетката покрај Мавровско Езеро на свеж воздух низ прекрасните борови шуми и чаша чај на бачилото.

Но, и Скопје, и секој град во Македонија има многу кафулиња, дискотеки, ресторани, кафеани, каде што ќе ја испратиме старата 2011 година со добра музика, со нашите најблиски и ќе ја почнеме 2012-та со убави спомени.

За крај, доколку сето понудено не одговара на вашите желби и можности, ќе ја испочитуваме и познатата песна на Владо Јаневски дека „само дома си е дома“ и зошто да не се дружиме во домашна атмосфера со топлите кифлички и руската салата на мама.

# ТИКЕР

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО
И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### ■ АКРЕДИТИРАНИ СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ СТУДИИ

Одборот за акредитација и евалуација ги акредитираше специјалистичките студии на Високата школа. Со тоа во декември Високата школа ќе го објави конкурсот за упис на 40 студенти во втор циклус студии на насоките: (1) Менаџирање на стратегиски комуникации и (2) Менаџирање на медиуми и мултимедија. Специјалистичките студии траат една година, а студентот се стекнува со научно звање специјалист за менаџирање стратегиски комуникации, односно специјалист за менаџирање медиуми и мултимедија.

### ■ ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА (ЗОЈМ)

Првото Здружение за односи со јавноста во Македонија (ЗОЈМ) ќе се основа на 3-ти декември во Скопје. Иницијатор за здружување на стручњаците за односи со јавноста е Високата школа која за првпат во Македонија акредитираше студиска програма за корпоративни комуникации и односи со јавноста.

**Аудиција „Слушај радио“**

Петнаесет кандидати влегуваат во потесниот избор за радио водители и презентери на аудицијата „Слушај радио“, што ја организираат Високата школа и радиостаниците „Клуб ФМ“ и „Сити Радио“. Најдобрите четворица кандидати ќе добијат можност за професионална соработка како радио водители и презентери на Клуб ФМ и Сити Радио.

### ■ ПРОЕКТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЧИТАЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ

„Читај секаде“ е кампањата што ја организираат студентите на Високата школа со цел промовирање на читањето кај младите надвор од домот. Во рамките на двомесечната кампања, се планира организирање неколку интернет и јавни настани, а на 17 декември во 13 часот на улицата „Македонија“ во Скопје издавачката куќа „Матица“ ќе подари 100 книги за учесниците во кампањата. Партнери на кампањата се: радио станицата „Клуб ФМ“, дневниот весник „Нова Македонија“ и издавачката куќа „Матица“. За да се вклучите во кампањата, посетете не на Фејсбук „Читај секаде“.

### ■ ПОСЕТА ВО Г. ВРАНОВЦЕ ЗА 67-МИОТ РОДЕНДЕН НА „НОВА МАКЕДОНИЈА“

На покана на редакцијата „Нова Македонија“, студентите на Високата школа ја посетија спомен печатницата во с. Г. Врановце, Велешко за да го одбележат 67 годишниот јубилеј од излегувањето на првиот број на најстариот весник во Македонија.

### ■ РАДИО ПРОДУКЦИЈА НА СТУДЕНТИТЕ НА ВИСОКАТА ШКОЛА

Студентите новинари ја изработија првата радио емисија во рамките на европската студентска интернет радио мрежа „Микро Европа“. Емисијата, која овој месец е посветена на фолклорот и традицијата е достапна на веб страницата на Високата школа www.vs.edu.mk и на студентскиот сајт www.micro-europa.eu и во неа учествуваат факултети за новинарство од 10-тина европски земји. Македонските студенти се дел од овој проект преку членството на Школата во Европската асоцијација за обука на новинари (ЕЈТА).

### ■ ОБУКИ ЗА ПОРТПАРОЛИТЕ НА МВР И ЗА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Предавачите на Високата школа во декември ќе одржат две обуки: првата е за вработените во Министерството за труд и социјална политика за техники на пишување и подготовка на промотивни и информативни материјали. Втората, која ќе се реализира во соработка со ОБСЕ и со Министерството за внатрешни работи е за регионалните портпароли на тема: „Полицијата и односите со медиуми и слобода на изразување на интернет“.

# Папарацо










САРА ЛОКВЕНЕЦ
Гимназија „Георги Димитров“-Скопје


# Каде вечер?

***Декември е месец на предновогодишни забави. Ќе има и рок и турбофолк. И за секого по нешто. Еве некои предлози.***

На 3 декември во „Метрополис-арената“ почнува фестивалот „Таксират“. Гости се Kaiser Chiefs, Fat Joe, Buraka Som Sistema, Asian Dub Foundation, Clawfinger, а домаќини ќе бидат „ТБ трачери“. Претпродажбата на влезниците почнува со цена од 600 денари за првите илјада влезници, 800 денари за вторите илјада влезници и 1.000 денари за наредните илјада влезници. На врата, цената на влезницата изнесува 1.200 денари. Оние што сè уште не посетиле ниеден од концертите на македонската филхармонија „Кирилица“, топло ви препорачуваме да посетите барем еден од концертите што ги нудат во текот на декември во Домот на АРМ. Љубителите на театарот ги потсетуваме дека сè уште можат да ги погледнат репризите на оние претстави што ги пропуштиле. Наша препорака е „Хамлет“ во режија на Дејан Пројковски, која по огромните успеси на сите фестивали и гостувања во нашата држава и надвор од неа, конечно се враќа на матичната сцена на Драмски театар. Се ближи Нова година, не заборавајте да го посетите новогодишниот панаѓур, кој ќе биде отворен речиси цела половина од декември. Еве нешто и за турбофолкерите. На 16 декември во „Метрополис-арената“, во 21 часот, почнува „најголемата журка на Балканот“, во дружба со Дадо Полумента, Цеј, двојката Џогани, како и некој гостин што организаторите го чуваат во тајност за да биде изненадување на вечерта. Цената на картите е 400 денари.




